# ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ КАКО КЛУЧНА ВЕШТИНА ЗА МЛАДИТЕ ЛИЦА

НОВУС

МЛАДИНСКА МРЕЖА ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Проект: Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот
CM-GGA-244
Здружение Центар за истражување и анализа Новус Струмица
Јануари 2026

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Опис: Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.

Оградување: Содржината на овој прирачник е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција Промо Идеа Струмица, Здружение Новус Струмица и Здружение Круна Плус Радовиш и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат".

# Додаток 3:

# Практични вежби за Дел 3

# I. КВИЗОВИ

## Квиз 1 – Основи на корупција во јавните финансии (со означени точни одговори)

**Тип:** Повеќе избори
**Број на прашања:** 10

**1. Што претставува корупција во јавните финансии?**

а) Лошо менаџирање на приватни фирми
**✓ б) Злоупотреба на јавни пари за приватна корист**
в) Грешка во сметководството
г) Политички маркетинг

**2. Во која фаза најчесто се јавува корупција?**

а) Приходи
б) Планирање
**✓ в) Јавни набавки**
г) Ревизија

**3. Кој пример претставува административна корупција?**

а) Министер фаворизира проект
**✓ б) Општински службеник бара „подарок“ за побрза услуга**
в) Бизниси диктираат закони
г) Намалување даночни обврски за политички фирми

**4. „Заробена држава“ значи:**

а) Брзи административни постапки
б) Практична примена на законот
**✓ в) Политика креирана за интерес на мали групи**
г) Повисоки даноци

**5. Како најлесно се препознава наместен тендер?**

а) Постојат 6 понудувачи
б) Условите се неутрални
**✓ в) Победува фирма со многу повисока цена од останатите**
г) Постојат јавни податоци

**6. „Коруптивен пат на парите“ значи:**

а) Транспарентни трансакции
**✓ б) Заобиколување на конкуренција и правила**

в) Подобрување на услуги
г) Времетраење на проект

**7. Најчеста последица за младите:**

а) Пониски цени
б) Подобра инфраструктура
**✓ в) Намалени можности за вработување**
г) Поголеми инвестиции

**8. Кој од наведените е пример за транспарентност?**

а) Недостапни буџетски податоци
**✓ б) Отворени јавни набавки**
в) Необјавени договори
г) Забрана за медиуми

**9. Кој е клучен инструмент против корупција?**

а) Тајност
б) Комплицирани процедури
**✓ в) Независни ревизори**
г) Долги рокови

**10. Како младите можат да придонесат?**

а) Игнорирање
**✓ б) Дигитален мониторинг и пријавување**
в) Нудење мито
г) Прифаќање нефер услови

## Квиз 2 – Практични сценарија (со означени точни одговори)

**Тип:** Препознавање ризик
**Број на прашања:** 6

**1. Општина поставува услов: фирма мора да постои 23 години.**

Што значи ова?
**✓ а) Намерно ограничување конкуренција**
б) Стандардна процедура
в) Фирмите треба да бидат искусни
г) Јавна безбедност

**2. Државен орган склучува договор со фирма регистрирана пред 3 месеци.**

**✓ в) Непотизам или „фирма за една употреба“**
а) Случајност

б) Редовен процес
г) Законска обврска

**3. Трошоци за проект се зголемуваат за 300% непосредно пред потпишување.**

**✓ б) Коруптивна манипулација со буџет**
а) Непредвидени околности
в) Административна грешка
г) Пазарна флуктуација

**4. Во тендер учествува само една фирма и таа победува.**

**✓ в) Нема реална конкуренција – индикатор за наместен тендер**
а) Фирмата е најдобра
б) Пазарот е мал
г) Другите фирми немаат интерес

**5. Договорите од јавни набавки не се објавени онлајн.**

**✓ г) Намерно прикривање информации**
а) Технички проблем
б) Не е важно за јавност
в) Административно недоразбирање

**6. Сметководството прикажува различни бројки во два извештаи.**

**✓ б) Можна злоупотреба или лажно сметководство**
а) Грешка на ревизор
в) Печатна грешка
г) Нормална варијација

## Квиз 3: - Корупција во јавните финансии (12 прашања)

1. Што е корупција во јавните финансии?
2. Кој е најранливиот дел од буџетскиот циклус?
3. Што значи „местење тендер“?
4. Што е политичка корупција?
5. Што е административна (бюрократска) корупција?
6. Наведи два примери на корупција во даноците.
7. Зошто надзорот е важен?
8. Што значи „креативно сметководство“?

9. Зошто буџетите треба да се јавни?
10. Како медиумите се борат против корупцијата?
11. Каде младите може да пријават корупција?
12. Како корупцијата влијае врз животниот стандард?

## Квиз 4 - Корупција во јавните финансии (10 прашања)

**1. Што е корупција во јавните финансии?**
**а) Злоупотреба на јавни ресурси за приватна корист**
б) Техничка грешка
в) Трошок за култура

**2. Местење тендери претставува:**
а) Интересно трошење
**б) Коруптивна јавна набавка**
в) Досаден процес

**3. Што е политичка корупција?**
а) Цели и избори
**б) Влијание врз политичари за лични интереси**
в) Ден на избори

**4. Заробена држава е кога:**
а) Државата исчезнува
**б) Одлуките ги контролира малкумина со интереси**
в) Сите се задоволни

**5. Зошто е корупцијата опасна?**
а) Створа повеќе среќа
б) Ја подобрува државата
**в) Ги намалува услугите, создава сиромаштија, штети на младите**

**6. Пример за корупција во планирање:**
**а) Буџет се додава каде што нема потреба**
б) Буџет со вистински приоритети
в) Намалување на трошоци

**7. Пример за корупција кај приходи:**
а) Поедноставување процедури
**б) Инспектор игнорира незаконски приходи за мито**
в) Стратешка анализа

**8. Кој има улога во спречување на корупцијата?**
**а) Ревизија, медиуми, граѓани, млади**
б) Само владата
в) Никој

9. Ефект од корупцијата:
а) Подобар живот
**б) Поскапи проекти, послаби услуги**
в) Весела атмосфера

10. Како младите можат да се борат?
**а) Со информираност, пријавување, учество**
б) Со игнорирање
в) Со апатија

Мини-квиз А: Типови корупција

1. Политичка корупција вклучува:
   ✓ влијание врз политики за приватни интереси
2. Административна корупција често значи:
   ✓ барање мито за услуга
3. Заробена држава е кога:
   ✓ приватни групи ги контролираат јавните одлуки

Мини-квиз Б: Јавни набавки

1. Кој индикатор е најризичен?
   ✓ единствен понудувач
2. Што е „проширена спецификација“?
   ✓ услов што ја фаворизира една фирма
3. Што е „фирма фантом“?
   ✓ нова фирма без историја, создадена за тендер

Мини-квиз В: Последици

1. Една последица на корупција е:
   ✓ поскапи услуги
2. Друга последица е:
   ✓ иселување на млади
3. Трета последица е:
   ✓ недоверба во институции

# II. РАБОТНИ ЛИСТОВИ

## Работен лист 1: Ризик-профил на јавни финансии

| **Сектор** | **Потенцијален ризик** | **Што би можело да се случи?** | **Како да се спречи?** | **Докази/индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | | | | |
| Планирање | | | | |
| Буџет | | | | |
| Јавни набавки | | | | |
| Ревизија | | | | |

## Работен лист 2: Индикатори на корупција – лично препознавање

**Обележи со ✓ ако си го забележал/а:**

- Непотребно сложени процедури
- „Мора од оваа фирма“
- Брза постапка без образложение
- Одлуки донесени „во 5 до 12“
- Нема конкуренција
- Необјавени договори
- Сомнителни измени во последен момент

Потоа одговори:

1. Кој индикатор според тебе е најопасен?
2. Зошто?
3. Какви последици носи?

## Работен лист 3: Последици за младите – личен дневник

| **Последица** | **Дали ја гледам во мојата заедница?** | **Како влијае на мене/врсниците?** | **Што би променил/а?** |
|---|---|---|---|
| Лоши училишни услови | | | |
| Скап јавен превоз | | | |
| Недостиг од вработување | | | |
| Недоверба во институции | | | |
| Иселување | | | |

## Работен лист 4: Младинска акција – Форма за планирање

1. Проблем:

2. Кој е засегнат?

3. Кои институции се надлежни?

4. Акции кои можам да ги преземам во следните 7 дена:

5. Партнери (НВО, медиуми, клубови):

6. Индикатори за успех:

# III. СИМУЛАЦИИ

## Симулација 1: Наместен тендер – Анализа и одлука

**Време:** 25 минути
**Групи:** 4–6 учесници
**Материјали:** работни листови, маркери

**Сценарио:** Општината сака да купи компјутери. Поднесени се 3 понуди:

| Фирма | Цена | Гаранција | Рок на испорака | Забелешки |
|---|---|---|---|---|
| А | 1.350.000 ден. | 12 месеци | 5 дена | Има искуство 10 години |
| В | 1.700.000 ден. | 24 месеци | 7 дена | Управител поврзан со локален функционер |
| С | 1.280.000 ден. | 6 месеци | 1 ден | Неисполнети технички услови |

**Задачи за групите:**

1. Која понуда е најризична и зошто?
2. Кои индикатори на корупција ги препознавате?
3. Кој би бил ваш предлог за институционална реакција?
4. Кои информации недостасуваат?

## Симулација 2: „30 минути – младински антикорупциски тим“

**Време:** 30 минути
**Задача:** креирај микро-план против корупција во вашето училиште/факултет/општина.

**Чекори:**

1. Идентификувај 3 ризични точки
2. Предложи дигитална алатка
3. Комуникациска кампања
4. Индикатори за успех (KPIs)
5. Акција на младите

# IV. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

## Студија 1: „Паркот што никогаш не се изгради“

Во една мала општина, граѓаните со години барале зелен простор каде што децата ќе може да се играат, а младите и повозрасните да шетаат, спортуваат и одмараат. Конечно, општината објавува дека започнува голем проект: Изградба на модерен парк вреден 250.000 Евра.

Се поставува ограда околу местото, јавноста добива визуелна табла со опис на проектот и логото „Проект финансиран од буџетот на општината“. Првите фотографии на социјалните мрежи ги исполнуваат граѓаните со надеж дека конечно нешто позитивно ќе се случи.

Но, по само неколку месеци, работата ненадејно застанува. Нема работници, нема опрема, а таблата почнува да бледнее од сонце. По извесно време, општината официјално соопштува дека проектот се стопира „поради технички причини“. Во пракса, тоа значи дека парк нема да има.

**Подлабока анализа:** Со дополнително истражување, со помош на граѓански активисти и локални новинари, излегуваат на виделина неколку проблематични моменти:

- Нереално висока вредност на проектот: Првите процени покажале дека паркот реално би чинел околу 130.000 - 150.000 Евра, што значи дека сумата од 250.000 Евра е значително „напумпана“.
- Авансни плаќања: Изведувачот добил голем дел од парите уште пред започнување на вистинската градба. По паузата, нема враќање на средствата.
- Недоволен надзор: Институциите што требало да го следат проектот не реагирале навреме, што укажува или на немарност или на координирано прикривање.
- Граѓаните остануваат без парк: Најголемата штета ја трпат жителите на кои наместо зелен простор, им останува празно запуштено земјиште.
- Парите исчезнуваат во „проектна администрација“: Формален израз кој често се користи како параван за нерегуларни трошоци, фиктивни услуги, консултантски договори или исплати без реална основа.

**Поука:** Овој случај покажува како јавните средства може да исчезнат тивко, ако никој не поставува прашања. Затоа барај отчет за секој јавен проект - колку чини, кој го изведува, до каде е и дали реално се гледа напредок. Младите имаат моќ да спречат вакви ситуации со: активно следење, пријавување сомнеж, споделување информации и учество во локални иницијативи. Колку е поголема транспарентноста и свеста кај младите, толку помалку „паркови што никогаш не се изградија“ ќе останат зад нас.

## Студија 2: „Неевидентирани даноци - Како ситните договори создаваат големи системски штети“

Во мал град, даночен инспектор редовно ги посетува локалните кафани, пекари и продавници. Формално, неговата задача е да провери дали работат според законот: фискални сметки, регистрирани приходи, лиценци, дозволи. Но во пракса се случува нешто сосема поинакво. Инспекторот влегува, разговара со сопственикот, и по неколку минути излегува без записник, без констатација, без казна. Бизнисмените знаат што се случило: наместо да плати казна или да се евидентира прекршокот во системот, сопственикот му „средува“ нешто на инспекторот, било да се работи за услуга, подарок, бесплатни оброци или директен паричен надомест. Никој формално не е оштетен „во моментот“, но последиците се огромни.

**Анализа на случајот:**

1. Државата губи значајни приходи

Кога инспекторот не издава записник и не евидентира прекршок: нема казна, нема евидентиран данок, нема исправена злоупотреба. Овој „мал договор“ во реалност значи дека државниот буџет губи средства. А буџетот се полни од даноци кои треба да се користат за училишта, болници, спортски сали и стипендии.

2. Нерегуларни бизниси стануваат нормалност

Бизнисите кои плаќаат „на рака“ кај инспекторот се чувствуваат заштитено и продолжуваат да работат нерегуларно. Се создава култура на: „важно е да имаш човек“ или пак „ќе поминеме, нема врска“. Ова ја руши довербата во системот.

3. Неправичен третман – оние што работат чесно се казнети

Бизнисите кои работат според правилата имаат трошоци кои другите „ги избегнуваат“ со корупција. Овие чесни бизниси стануваат неконкурентни и често затвораат со што ја уништува локалната економија.

4. Се создава опасна мрежа „кој има врски – ќе помине“

Тоа е облик на системска корупција. Таа е тивка, невидлива, без драматични скандали, но постојано ја јаде правната држава. Наместо правила, функционираат лични врски и договори.

**Поука:** Корупцијата во даночниот систем често не се гледа, но е една од најштетните форми на корупција. Младите треба да знаат дека:

- секој неевидентиран данок е помалку пари за нивните услуги и инфраструктура,
- „малата корупција“ создава големи неправди,
- системот функционира само кога правилата важат за сите,
- откривањето, пријавувањето и барањето отчетност е начин да се заштити сопствената иднина.

Кога корупцијата станува тивка и секојдневна, штетата е најголема. Младите мора да ја препознаваат – и да не ја прифаќаат како „нормална појава“.